**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**Од Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 22 декември 2008 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија сала 1, со почеток во 11,13 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Трајко Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници,

Ја отворам Триесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија.

На седницата се поканети: Претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија господин Никола Груевски, замениците на претседателот на Владата и министрите во Владата на Република Македонија Шефовите на странските дипломатски конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми во мое и Ваше име да ги поздравам присутните гости.

Имам особена чест задоволство од името на Собранието на Република Македонија и свое лично име да го поздравам меѓу нас претседателот на Големото Национално Собрание на Република Турција господинот Коксал Топтан.

(Поздравот беше пропратен со бурен аплаус)

Почитуван претседателе на Големото Национално Собрание на Република Турција господин Коксал Топтан, ве повикувам да се обратите на Собранието на Република Македонија, повелете.

(Аплауз)

**Коксал Топтан:** Почитуван Вељаноски, претседател на Собранието на Република Македонија, почитувани пратеници,

Би сакал да го започнам своето обраќање со чувството на голема чест од можноста да и се обратам на вашето возвишено Собрание за време на мојата посета на Република Македонија.

За нас Македонија е една пријаелска земја со која сме длабоко поврзани како со нашите меѓучовечки односи, култура и минато.

На чело со првиот претседател на Великото Национално Собрание на Турција Великиот Ататурк, повеќето од херои кои одиграле клучна улога во оформувањето на Република Турција се од овие краишта.

Тоа што основачот на Републиката, големиот државник Мустафа Кемал Ататурк го започнал своето воено образование во Битола кое утре ќе го посетам, е една темелна определба која од страна на сите Турци се знае на изуст уште од нивното основно образование и наша заедничка гордост.

Сакам со задоволство да подвлечамандман дека нашите политички односи од ден на ден се зацврстуваат од самото прогласување на независноста на Македонија.

Турската држава е првата земја која што ја призна независноста, уставото име и постоењето на Македонскиот народ.

Овој приод е сосема природен за Турција која што му придава животна значење на долгорочниот мир и стабилност на Балканските простори.

Посетите на високо ниво, меѓусебната соработка на меѓународните платформи и споделените заеднички вредности се показатели за светлата иднина на нашите односи кои што се втемелени на здрави основи.

Како што знаете, минатиот месец, беше потпишан “Стратегискиот Документ” насочен кон зацврстување на билатералната соработка помеѓу двете земји.

Овој документ кој што има животно значење го посочува достигнатиот степен на соработка на сите полиња, а пред се на политичко, економскмо и културно и го утврдува правецот на нашата идна соработка.

Парламентрната димензија на нашата соработка е придонес кон зацврстување на врските помеѓу нашијте земји и народи.

Кај Турскиот народ како и негов претставник во нашиот Парламент се гаи една длабока љубов кон Македонија.

Најголем показател на оваа состојба е тоа што од постојните 546 пратеници во нашиот Парламент 369 се членови на Парламентарната група за пријателство со Македонија.

Во еден период каде парламентарната дипломатија доби нови задачи, ни причинува особено задоволство обостраните и редовни посети како на високо така и на техничко ниво помеѓу парламентите на Турција и Македонија.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Во овој процес на глобализација нашите економски и трговски односи брзо се развиваат.

Македонија е стабилна земја која успева да ги привлече странските инвеститори од другите земји.

Користејќи ги предимствата од географската блискост, турските претприемачи посакуваат соодветно да ги вреднуваат потенцијалите на оваа земја.

Во овој момент Турција е една од најзначајните трговски партнери на Македонија и една од десетте земји со најголеми инвестиции во Македонија.

Меѓутоа, економската и трговската соработка за која сум убеден дека не ги одразува реалните потенцијали ќе можеме да ги развиеме уште повеќе и не се сомневам дека во блиска иднина ќе биде нејзин уште позначаен партнер.

Република Турција со цел да и помогне во нејзиниот економски и социјален развој со

посредство на Турската агенција за обнова и развој (ТИКА), без разлика на нивната етничка припадност, помага во сите инфраструктурни земјоделски и образовни проекти кои им служат на сите луѓе во оваа земја.

Без сомнение дека помеѓу нашијте земји постојат длабоки културни врски.

Во Македонија во овој момент сеуште опстојуваат околу 500 зданија од Османлиско-турскиот период.

Поради тоа, зачувувањето на овие дела во нивната оригинална форма е многу значајно и од аспект на зачувувањето на културното наследство на Македонија.

Во наредниот период Македонија и Турција обострано ќе отворат културни центри.

Тоа што значајните пера на турската литература како што е Јахја Кемал се од овие краишта, се една друга духовна димензија која не зближува уште повеќе.

Познатиот турски поет Јахја Кемал Бејатли, кој што бил пратеник на Големото Национално Собрание на Турција во 5 изборни периоди и чиј татко Ибрахим Наџи по потекло од Ниш, своевремено бил и градоначалник на Скопје, тагата и љубовта кон родното Скопје ќе го опее на следниот начин во неговата песна насловена како “Изгубен град”.

“Изгубен град чија што илузија остана во моето срце!

Болката од разделбата е длабока!

Иако разделбата е долга, иако изминаа многу години,

Ние и да не сме во тебе, ти си во нас”,

ќе рече и ќе ја изрази оваа љубов и тага.

Без сомнение дека основниот мост на сестраната пријателска соработка помеѓу Република Турција и Република Македонија се и меѓучовечките врски.

Како што знаете, Турската заедница е третата етничка заедница по големина во Македонија.

Многу тешко е да се претпостават бројките на нашите државјани кои во минатиот век се иселиле од Македонија во Турција и кои и ден денес имаат живи контакти со овие краишта.

Имаме семејства кои се иселиле од овие краишта во Турција и таму ги примиле презимињата како што се Тетово, Велес, Куманово и на тој начин во срцата ги носат спомените на овие градови од вашата убава земја.

Турците во Македонија се еден од камен темелниците на оваа земја.

Турците од Македонија кои што се лојални кон својата држава и кои живеат во братство со другите заедници, со тоа што ги зачувуваат својот јазик, културна оставштина и идентитет, претставуваат придонес кон богатството на Македонија.

Во постојниот законодавен дом постои еден турски пратеник.

Гордост е да се претставуваат Турците во Македонија на овој возвишен дом.

Од друга страна посебно пријатно и гордо е што во Македонската Влада има и еден турски министер.

Мојата посета на Македонија на еден прекрасен начин се совпадна со “21 декември” Националниот ден на Турците, празникот на турското образование.

Чувствувам задоволство и благодарност кон Владата на Република Македонија која што даде силна поддршка кон овој празник, кој вчера се одбележа со голема возбуда.

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Природно е правото на Република Македонија за што поскорешно интегрирање со евроатланските структури.

Македонија денес е земја која произведува безбедност и која придонесува кон мирот и стабилноста во својот регион и пошироко.

Македонија како што заслужи да го заземе своето место во НАТО има и заедничка иднина во Европската унија.

Турција отсекогаш силно и искрено ја поддржувала кандидатурата на Македонија за членство во НАТО. Повеќе е од потребно Македонија да ги исполни потребните критериуми за членство во НАТО.

И покрај тоа што Македонија не беше поканета за членство на Самитот на НАТО во Букурешт го оценува како една голема неправда.

Турција која е членка на НАТО од 1952 година и која гледа во оваа организација како основен елемент за евроатланската безбедност и искрено ја поддржува политиката на отворена врата за членство, нереализирањето на членство во НАТО на Македонија беше едно големо разочарување.

Верувам дека за кратко време, на начин кој ќе биде прифатлив за својот народ, Македонија че биде членка на НАТО.

Нашата одлучна поддршка кон Македонија ќе продолжи и понатаму.

Наша заедничка цел е членството во Европската унија.

Одлучно продолжуваме со реформите кои се забрзани во последните години.

Во овој момент нашијте преговори продолжуваат, само едно поглавије е затворено, додека пак 10 други се отворени за преговори.

Ни причинуваат задоволство чекорите кои Македонија ги прави во правец на членство во Европската унија.

Се надевам дека ќе се елиминираат пречките кои стојат на патот на Македонија во овој процес, дека што поскоро ќе започнат преговорите и дека Македонија ќе биде успешна во овој процес.

Почитуван претседател, почитувани пратеници,

Нашата соработка на меѓународен план, се разбира не е од едностран карактер.

Република Македонија ја подржа нашата кандидатура за привремен член на Советот за безбедност на Обединетите нации за периодот 2009-2010 година.

Тука пред вас сакам да уја изразам уште еднаш нашата благодарност.

Турција на себе достоен начин ќе ја вреднува оваа прилика и како еден ефикасен и активен член на меѓународната заедница ќе придонесе кон поспешување на мирот и стабилноста во светот за одбрана на човековите права и зајакнување на демократијата.

Почитуван претседателе, ценети членови на Македонскиот парламент,

Балканот кој одиграл значајна улога во Светската историја посебо во европската политика, зазема значајно место во турската надворешна политика.

Нашите односи кои се зајакнати со историските и културните врски ги доведуваат балканските простори во привилегирана положба и и даваат можност на Турција да се вреднува како еден неразделен дел од Балканските простори. И денес Балканот е во центарот на вниманието на светската политика.

Со прогласувањето на независноста на Косово се затвори еден период и се отвори една нова страница.

Признавањето на Косово од страна на Република Македонија е една многу значајна одлука.

Македонија како и Турција одблизу го прати развојот на настаните во соседно Косово.

Посакувме и Косово што поскоро да ја поспеши својата теријторијална целовитост и да се стабилизира.

Во една измешана географија, етничката и културната разноликост треба да се зачуваат, меѓутоа, етничките разлики не треба да доведат до нови поделби и нови граници.

Во една измешана Балканска географска положба Македонија важи за земја која успешно ги решила проблемите на етничкиот соживот.

Функционирањето на мултиетничкото општество во Македонија е регулирано со Охридскиот рамковен договор.

Овој Договор како инструмент од животно значење кој го реглира зачувувањето на правата на сите народи за Македонија, сите чекори на реализирање  на одредбите на овој договор одблизу се пратат од страна на меѓународната заедница.

Во тој правец најцврстиот прицнип е принципот на “Праведна застапеност” во соодветните институции, безбедносни сили и вооружени сили во соодноc со нивниот процент во вкупното население во земјата. Се разбира, преземањето на соодветни мерки за реализирање на ова е во надлежност на државата Република Македонија.

Безпрекорното функционирање на парламентарниот систем од аспект на демократијата и поспешувањето на мирот во Македонија е незамислив без надминување на проблемите со размена на мислења во согласност со демократските придобивки помеѓу партиите кои имаат различна политичка проминиенција.

Дотолку повеќе што Парламентот е место на кое на најдиректен начин и најлегален начин е претставена волјата на народот.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Меѓупарламентарните односи во основа ги претставуваат врските помеѓу две нации и два народа.

Како што можев уште еднаш да се уверам при оваа моја посета на Македонија, ние ги претставуваме двата народа кои меѓусебно многу добро се познаваат.

Поради тоа чувствувам гордост што можамандман а се обратам до вашето возвишено Собрание во името на Турскиот народ.

Народите на Турција и Македонија по историските врски се браќа меѓу себе.

Кон вас кој го претставувате народот на Македонија и кон возвишеното Собрание на Македонија го изразувам моето најдлабоко почитување.

Нека е вечно Турско-Македонското братство и пријателство.

(Бурен аплауз)

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Почитуванм претседателе на Големото Национално Собрание на Република Турција господин Коксал Топтан, ви благодарам за вашто обраќање.

Констатирам дека 39-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

Ви благодарам.

(Седницата заврши со работа во 11,29 часот)